# ИЗВЕСУВАЊЕ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ ЗА НОВИОТ НАЧИН НА ЗАКАЖУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕГЛЕДИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО - СКОПЈЕ

Од **понеделник 24 Јуни 2014** година закажувањето на термините за преглед во амбулантите на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство – Скопје ќе го вршат избраните, матични лекари преку системот **Мој Термин.**

**Мој термин** претставува Интегриран национален систем за електронско закажување и евидентирање на медицински интервенции. Улогата на избраниот (матичен) лекар во системот **Мој Термин** е да ги упатува своите пациенти со користење на Е – упат до специјалист. Со тоа всушност, прегледите кај специјалистите ги закажуваат електронски, во точно определен термин, кај точно определен лекар. Сето ова, избраниот лекар го работи од софтверската апликација која ја користи за работа во својата ординација, а која за таа цел е прилагодена според насоките дадени од Министерството за здравство.

**Матичниот лекар е должен да го закаже прегледот** електронски и да го информира пациентот за следното:

- за деталите од закажувањето: кај кој лекар, во која установа, во кој термин (ден и час) е закажан прегледот
- за потребата од придржувањето кон закажаните термини
- доколку имаат потреба од откажување на веќе закажан термин, треба да се обратат кај матичниот лекар за тој да го откаже прегледот. Ова треба да се практикува само во исклучителни случаи, односно само кога има неопходна потреба за откажување.

**Call** центарот на Клиниката за гинекологија и акушерство ќе продолжи и понатака да работи и дава информации на пациентите. Пациентитет своите прегледи треба да ги закажат кај своите матични лекари. Телефонскиот број за информации **02/3228 440** отворен е од 08:00 до 19:00 часот.